Согласно член 126 од Законот за игрите на среќа и забавните игри (Службен весник на Република Македонија“ број 24/11, 51/11, 148/11, 74/12, 171/12, 27/14, 139/14, 61/15, 154/15, 23/16 и 178/16), Прилепска пиварница А.Д. Прилеп, со седиште на ул.„Цане Кузманоски“ бр.1 Прилеп, со ЕМБС 4071344, застапувана од Генералниот директор Сашко Самарџиоски на ден 09.07.2019 година, ги донесе следните:

**ПРАВИЛА НА НАГРАДНА ИГРА**

**1. Организатор на наградната игра:**

Организатор на наградната игра со име **„Играј за 365.000,оо денари”** е Прилепска пиварница АД-Прилеп, со седиште на ул “Цане Кузманоски” бр.1 Прилеп, со ЕДБ 4021991109104 и ЕМБС 4071344.

**2. Времетраење на наградната игра:**

Наградната игра **„Играј за 365.000,оо денари”** ќе започне на **15.08.2019 година (од 00.00 часот – почеток на наградната игра)** и ќе трае до **30.09.2019 ( 15.00 часот - крај на наградната игра)**.

**3. Територија**:

Место на одржување на наградната игра е **целата територија** на Република Северна Македонија.

**4. Право на учество:**

Во наградната игра право на учество имаат сите консументи на производите газирани сокови **„Прилепска Газоза“** во пакување од **0,5 л, 1,25 л и 1,5 л ПЕТ амбалажа** од Прилепска пиварница А Д Прилеп (организатор на наградната игра), а постари од 18 години, освен вработените во Прилепска Пиварница АД-Прилеп, маркетинг агенција Имика и Виртуал ЦС ДООЕЛ Скопје, како и членовите на нивните потесни семејства.

**5. Цел на наградната игра:**

Наградната игра, Организаторот Прилепска пиварница А.Д. Прилеп ја прави со цел рекламирање на производот **„Прилепска Газоза“** од **0,5 л, 1,25 л и 1,5 л ПЕТ амбалажа**.

**6. Начин за учество во наградната игра:**

Секое полнолетно физичко лице освен вработените во Прилепска Пиварница АД-Прилеп, маркетинг агенција Имика и Виртуал ЦС ДООЕЛ Скопје, како и членовите на нивните потесни семејства кое во периодот на времетраењето на наградната игра од 15.08.2019 година (од 00.00

часот) до 30.09.2019 година (до 15.00 часот), ќе купи производ „Прилепска Газоза“ во пакување од 0,5 л, 1,25 л и 1,5 л ПЕТ амбалажа со специјално капаче може да учествува во наградната игра.
Пакувањата од **производот „Прилепска Газоза“од 0,5 л, 1,25 л и 1,5 л ПЕТ амбалажа** кои ќе учествуваат во наградната игра ќе бидат со **посебни златни капачиња** кои се разликуваат од редовните капачиња, се назначени дека се за наградна игра и на долниот дел од капачето имаат код. Не постои никакво ограничување на количината газиран сок „Прилепска газоза“ која секој учесник ќе може да ја купи и бројот на кодови кои може да ги прати.

„**Играј за 365.000,оо денари**“ е наградна игра во која за учество се квалификуваат потрошувачи кои ќе купат специјално обележани промотивни пакувања „Прилепска газоза“ во ПЕТ амбалажа од 0,5 л, 1,25 л и 1,5 л со златно капаче, ќе го испратат кодот од под капачето/отворачот, од внатрешната страна преку СМС порака на телефонскиот број 14774 од двата мобилни оператори Телеком и Вип ОНЕ во Р.Македонија или на Gazoza-профилот на Вибер и ги исполнуваат условите за учество во наградната игра. Цената на секоја СМС порака е 5,9 ден. со вклучен ДДВ, на товар на испраќачот, додека испраќањето на кодовите преку Вибер е бесплатно. Секоја СМС и порака испратена преку Вибер има подеднакви шанси да биде извлечена.
Во случај испраќачот да биде извлечен како добитник на парична награда, должен е пред да му биде исплатена наградата да приложи доказ дека е корисник на телефонскиот број од каде е испратен добитниот код, односно да ја покаже пратената порака со добитен код како и капачето со кодот кој е испратен и извлечен..

Едно лице може да учествува во наградната игра неограничен број пати со неограничен број на СМС/Вибер пораки, но со користење на различни кодови (од различни капачиња/отворачи). Секој поединечен код може да се искористи само еднаш. Во случај ист код повторно да биде испратен од страна на истото или на друго лице, оваа испратена СМС/Вибер порака ќе биде прогласена за неважечка, за што испраќачот ќе добие СМС/Вибер известување.

Сите испратени кодови преку СМС/Вибер пораки ќе бидат верификувани од страна на приредувачот на наградната игра. По верификувањето, секој учесник во наградната игра ќе добие повратен одговор преку СМС или Вибер (во зависност од каде е пратен кодот).

Во случај на погрешно испратен код, испраќачот ќе биде биде известен преку СМС/Вибер порака.

## 7. Начин на извлекување во наградната игра:

Наградната игра започнува на 15 август 2019 година и трае до 30 септември 2019 година и извлекувањата ќе бидат на 26.08.2019 година, 02.09.2019 година, 09.09.2019 година, 16.09.2019 и 01.10.2019 година.
Сите извлекувања ќе бидат во 13.00 часот.

Добитниците во наградната игра ќе се извлекуваат по електронски пат преку компјутерска селекција од единствената база на испратени СМС и вибер пораки која ја сочинуваат лица кои купиле производ од член 4 и испратиле смс/вибер порака за учество во наградната игра.
Извлекувањето на 4-те награди електричен тротинет, 4-те награди мобилен телефон и главната парична награда ќе биде по следната динамика:

1. **26.08.2019** година извлекување на **еден електричен тротинет Neutron n1 8" и еден мобилен телефон iPhone 8** во 13.00 часот учествуваат испратените пораки од 15.08.2019 од 00.00 часот до 13.00 часот на ден 26.08.2019
2. **02.09.2019** година извлекување **еден електричен тротинет Neutron n1 8" и еден мобилен телефон iPhone 8** во 13.00 часот учествуваат испратените пораки од 26.08.2019 од 13.00 часот до 12.59 часот на ден 02.09.2019
3. **09.09.2019** година извлекување **еден електричен тротинет Neutron n1 8" и еден мобилен телефон iPhone 8** во 13.00 часот учествуваат испратените пораки од 02.09.2019 од 13.00 часот до 12.59 часот на ден 09.09.2019
4. **16.09.2019** година извлекување **еден електричен тротинет Neutron n1 8" и еден мобилен телефон iPhone 8 во** 13.00 часот учествуваат испратените пораки од 09.09.2019 од 13.00 часот до 12.59 часот на ден 16.09.2019
5. **01.10.2019** година извлекување на **главната награда 365.000, 00 МКД** во 13.00 часот учествуваат сите испратени пораки од 00.00 часот од 15.08.2019 до 15.00 часот на ден 30.09.2019

Извлекувањата за наградите електричен тротинет и мобилен телефон ќе се одржат на посочените датуми и ќе биде извлечен по еден добитник и еден резервен добитник на награди од СМС и Вибер кодовите. Добитниците ќе добијат СМС/Вибер известување за добиената награда. Испратените СМС и вибер пораки учествуваат во наградната игра согласно табеларниот преглед и нема да важат за следните извлекувања освен за главната награда 365.000,00 МКД.
Добитниците во наградната игра ќе се извлекуваат по електронски пат преку компјутерска селекција од базата на испратени СМС и Вибер пораки. Во извлекувањето на добитниците нема да влијае човечки фактор.
Извлекувањето ќе биде автоматизирано од страна на специјално креиран софтвер за оваа намена инсталиран во просториите на Виртуал ЦС ДООЕЛ Скопје, со седиште на ул. Бојмија 3/6к, 1000 Скопје. Р. Македонија.

Извлекувањето на главната награда награда во износ од 365.000,00 МКД, ќе биде на 01.10.2019 година во 13 часот и во извлекувањето ќе учествуваат сите испратени недобитни кодови од 15.08.2019 до 30.09.2019 до 15 часот. Извлекувањето на главната награда ќе биде во живо пренесувано на https://www.facebook.com/PrilepskaGazoza/ на 01.10.2019 во 13 часот. Извлекувањето ќе се одвива по електронски пат преку компјутерска селекција од единствената база на испратени СМС и вибер пораки.
Главната награда ќе биде извлечена во Скендеровки продукција ул. „16-та Македонска Бригада, Интернационални бригади“ 1000 Скопје.

При извлекувањето ќе биде проверувана содржината на СМС и Вибер пораките и дали се запазени правилата на наградната игра.

Резултатите од наградната игра ќе бидат објавувани во рок од три дена од денот на утврдувањето на добитниците на web страната www.prilepskapivarnica.com.mk  и на фб страната на Прилепска Газоза со објавување на извлечениот код и телефонскиот број на добитникот (без последните две цифри).

По добивање на повратна порака дека е добитник на награда, добитникот ќе биде контактиран од страна на оператор, ангажиран од Организаторот, на телефонскиот број преку кој добитникот го има испратено кодот, како би му ја потврдил наградата и би му ги побарал сите потребни податоци (име, презиме, адреса, трансакциска сметка, оригинал капаче со добитниот код, број на лична карта) со цел исплата на наградата на неговата сметка. Добитникот е должен да го приложи капачето со добитниот код и повратната порака дека е добитник, а во спротивно нема да му се исплати паричната награда. Личните податоци од добитникот се бараат исклучиво заради проверка на правото за учество во наградната игра и за испорака на наградата.

Во извлекувањето на наградите за секоја награда ќе се извлече и по еден резервен добитник, на кој ќе му биде доделена наградата, доколку првично извлечениот добитник не ги исполнува условите согласно овие правила, посебно доколку извлечениот добитник не ја приложи смс пораката и добитното капаче во рок од 7 денови од објавата, со добитникот не може да се исконтактира во период од 7 денови од извлекувањето поради недостапност, добитникот е малолетен и слично. Капачето со добитниот код треба да се чува како доказ за купениот производ и задолжително треба да се приложи во оригинал во рок од 7 денови од објавата на добитниците, при што податоците во испратената смс/вибер порака треба да соодветствуваат со испратените податоци.

Извлекувањето на наградите ќе биде контролирано од страна на жири комисија.
Членови на жири комисијата ќе бидат:
Претставник од Прилепска Пиварница
Претставник од ИМИКА маркетинг агенција
Претставник од Виртуал ЦС ДООЕЛ Скопје

## 8. Исплата/Предавање на наградите

Наградите ќе бидат предадени во рок од 30 дена, од објавување на добитниците. Подигнувањето на наградите мобилен телефон IPhone 8 и електричен тротинет Neutron n1 8” ќе биде од седиштето на организаторот Прилепска пиварница А.Д. Прилеп ул.„Цане Кузманоски“ бр. 1 Прилеп.

Главната награда ќе биде исплатена во рок од 30 дена, од објавување на добитникот на трансакциска сметка и според податоци од лична карта претходно утврдена со контактирање на добитникот на наградата.
Пред предавањето/исплатата на наградата добитникот е должен да го достави на увид и добитното капаче со кодот кој е испратен и извлечен. Контрола на валидноста на добитното капаче, односно капаче кое на долната страна има симбол КОД ќе ја врши лице вработено во Прилепска Пиварница.
Доколку извлечениот добитник не ги исполнува условите по овие правила а посебно доколку не го приложи добитното капаче и повратната смс порака, или со добитникот не може да се исконтактира во период од 7 денови од извлекувањето поради недостапност, добитникот е малолетен, не го достави капачето или од било која причина, за која не е и нема да биде одговорен Организаторот, тој/таа го губи правото на награда. Организаторот нема да има никаква одговорност кон учесникот. Во тој случај наградата во дополнителен рок од 30 денови ќе биде исплатена/предадена на резервниот добитник доколку истиот ги исполнува условите согласно овие правила. После истекот на 30-те дена Прилепска Пиварница А.Д.-Прилеп нема никаква одговорност околу наградите.
Количината на наградите од Наградната игра е ограничена и нема да бидат доделени повеќе награди од оние кои што се претходно определени. Замена за наградите со други награди, не е дозволена. Организаторот не се обврзува да понуди друг тип на награда во истата противвредност од планираните награди.
Учесниците во Наградната игра немаат право да бараат награди во поголема вредност или од различен вид од назначените во правилата од страна на Организаторот.
Организаторот после завршувањето на наградната игра ќе ги повлече сите амбалажи на кои ќе биде назначено дека се за наградната игра.

**9. Приговори:**

Незадоволниот учесник има право на приговор во рок од 5 дена од денот на објавување на добитниците, а Прилепска Пиварница АД-Прилеп ќе одговори на приговорот во рок од 15 дена од денот на поднесување на приговорот. Приговорите ќе се разгледуваат само доколку се упатени по писмен пат на адресата на Организаторот ул.„Цане Кузманоски„ бр. 1 Прилеп.

**10. Запознавање на учесниците со наградната игра:**

Правилата на наградната игра, со цел запознавање на учесниците на истата, по добивањето на согласност од Министерството за финансии, пред започнувањето на наградната игра, ке бидат објавени јавно на официјалната веб страна на Организаторот на наградната игра**,** www.prilepskapivarnica.com.mk . За начинот на учество во наградната игра ќе се емитуваат и телевизиски спотови, а учесниците ќе бидат запознаени и преку билборди, социјални мрежи, постери и на друг вообичаен начин.

**11. Награден фонд на наградната игра::**

Награди кои ќе бидат доделени во наградната игра со име **„Играј за 365.000,оо денари”** во организација на Прилепска Пиварница АД-Прилеп се 4 електрични тротинети Neutron n1 8”, 4 мобилни телефони iPhone 8 и главна парична награда.

| Р.б р. | опис на награда | количина |
|---|---|---|
| 1 | **Парична награда** | 1 |
| 2 | **електричен тротинет Neutron n1 8”** | 4 |
| 3 | **мобилен телефон iPhone 8** | 4 |

Сите трошоци за наградната игра ги сноси Прилепска пиварница А.Д. Прилеп од својот буџет за реклама. Организаторот е одговорен за сите даноци, недоместоци и одговорности поврзани со наградите вклучително и данокот на личен доход. Секој од добитниците ќе добие потврда за добивка со подмирен данок на личен доход, подготвена и заверена од организаторот на наградната игра.

## 12. Одобрение за обработката на личните податоци

Со испраќање на СМС/Вибер порака за учество во оваа наградна игра, учесниците се согласни да ги дадат своите лични податоци на организаторот и тоа: име, презиме, телефонски број, улица, број, поштенски код, град, сметка, број на лична карта, како и личната карта на увид. Организаторот ќе ги користи и обработува личните податоци на добитниците исклучиво за целите на Наградната игра. Личните податоци од добитникот се бараат исклучиво заради проверка на правото за учество во наградната игра и за исплата/предавање на наградата. Вршењето увид во личната карта е потребно за да се утврди правото на учество во наградната игра. Личните податоци на учесниците нема да се користат за други цели, освен со изрична согласност на учесникот.

За сите лица, кои ќе бидат вклучени во процесот на прибирање и обработка на личните податоци, ќе се обезбедат потпишани овластувања за работа со лични податоци и изјава за заштита на лични податоци.

Организаторот на наградната игра се обврзува дека нема да ги проследува личните податоци на трети лица, освен доколку е тоа потребно за изведување на наградната игра.

Обработката на личните податоци за цели на директен маркетинг ќе се извршува во целост во согласнот со Законот за заштита на личните податоци, а секој учесник во наградната игра има

право во секое време бесплатно и со користење на едноставни средства да ја повлече согласноста за обработка на неговите лични податоци за цели на директен маркетинг.

Организаторот се обврзува дека ќе ги обработува, чува и уништи податоците во согласност со законодавството со кое е уредена заштитата на личните податоци.

**13. Реклама на наградната игра:**
Сите трошоци за наградната игра ги сноси Прилепска Пиварница АД-Прилеп од својот буџет за реклами.

**14.** Во случај на спор помеѓу Организаторот и учесниците на наградната игра надлежен е Основен суд Прилеп.

**15.** Потенцијалниот учесник во оваа наградна игра разбира и се согласува дека учествува во наградната игра на свој сопствен ризик. Со самото учество во наградната игра учесникот се согласува, доколку биде извлечен за некоја од наградите, неговите лични податоци да бидат јавно објавени. Организаторот на наградната игра не дава гаранција дека учесникот ќе добие награда доколку потроши поголема сума на пари.

**16. Важност на правилата на наградната игра:**
Овие правила ќе започнат да се применуваат откако Министерството за финансии ќе изададе Дозвола за приредување на игра на среќа-наградна игра и ќе важат се до завршувањето на наградната игра. Со учество во наградната игра секој учесник ги прифаќа сите права и обврски утврдени во овие правила.

**Организатор,**
**Прилепска пиварница АД Прилеп**